**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

Бр. 03-3820/1

Скопје 29.08.2017г.

**Предмет: Трет седмичен извештај на Агенцијата**

Почитувани,

Врз основа на обврските од член 76-в став 2 од Изборниот законик, а во согласност со Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува третиот седмичен извештај за периодот од 21 до 27 август 2017 година.

Во рамки на овој извештај, Ви го доставуваме Првиот извештај на Агенцијата од мониторингот на медиумското известување по распишување на Локалните избори, односно за периодот од 7 до 16 август 2017 година. Во овој извештаен период мониторингот покажува дека радиодифузерите, во вестите, генерално ги почитуваат професионалните новинарски стандарди. Кај повеќето медиуми забележливо е настојување да обезбедат повеќе разновидни ставови за прашањата и темите кои се обработуваат. Исклучок се мал број медиуми, кај кои може да се забележи тенденција да пренесуваат ставови на субјекти кои споделуваат иста позиција по одредени теми.

Во тек е изработката на извештајот за периодот од 17 до 26 август 2017 година, а тече мониторингот и на третиот десетдневен извештаен период.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**директор**

.............................................

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Палата Панко Брашнаров
ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.mk
contact@avmu.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009